Confidential

**24/7 БАНКА**
**НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!**

# Упатство за електронско банкарство

Најавете се со

Вашето

корисничко име

и лозинка



Во левото **МЕНИ** пронајдете ги **<u>сите функционалности</u>** достапни на е-банкарство.




- **Пошта** – за преглед на сите документи испратени од банката за Вашите менувачки трансакции, заклучници или новости
- **Сметки** – за преглед на сите Ваши сметки, кредити, депозити, картички и генерирање промет на сметка и извод на сметка
- **Трансфери**
  1. Сопствени сметки
  2. Менувачко работење
  3. Домашен платен промет
  4. Буџетски трансфери
  5. Збирни налози
  6. Меѓународни плаќања
  7. Плаќање комуналии
  8. Процесирање плата
  9. Сеф за готовина
  10. Налози за одобрување
  11. Откажување налог
- **Траен налог** – регистрација и администрација на трајни налози кон сопствени сметки, домашен платен промет и менувачко работење
- **Поштенско сандаче** – можност за праќање на пораки до банката и преглед на сите пораки и документи испратени кон и од банката
- **Профил на корисникот** - за менување лозинка или ажурирање листа на налогопримачи
- **Упатство за инсталација**
- **Драјвери за токени**

Confidential

# 24/7 БАНКА НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

Ова упатство содржи детали за следниве функционалности на платформата за е-банкарство:


- Блокирање на картичка
- Трансфери меѓу сопствени сметки
- Менувачко работење
- Трансфери во домашен платен промет
- Буџетски трансфери
- Збирни налози
- Тансфери во меѓународен платен промет
- Плаќање на комуналии
- Процесирање плата
- Регистрација на дневен промет во Сеф за готовина
- Одобрување на регистриран налог
- Откажување на налози
- Повторна употреба на налози
- Регистрација и администрација на трајни налози
- Праќање на пораки кон Банката
- Промена на лозинка
- Ресетирање на лозинка

24/7 БАНКА
НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

# ИНСТРУКЦИИ ЗА БЛОКИРАЊЕ НА КАРТИЧКА

# Блокирање картичка

Доколку ја изгубите Вашата картичка или се сомневате дека истата била злоупотребена од трето лице, со оваа функционалност може брзо и едноставно да ја блокирате картичката.






24/7 БАНКА
НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

# ИНСТРУКЦИИ ЗА

# ПРОЦЕСИРАЊЕ ТРАНСФЕРИ

# 1. СОПСТВЕНИ СМЕТКИ

Со оваа функционалност може да се извршат следниов тип на трансакции:

- Трансфери меѓу сопствени сметки во иста валута
- Пренос на дозволено пречекорување на трансакциска сметка
- Враќање на средства на кредитна линија/дозволено пречекорување доколку поврат се врши од сметка во иста валута или кредитната линија
- Трансфер на средства од кредитна линија на преодна сметка за дознаки (Transitory)



# 1. СОПСТВЕНИ СМЕТКИ




**4. Внесете Датум на валута**
**Налогот може да се регистрира со иден датум на валута до 30 дена. Доколку на датумот на извршување немате доволно средства, налогот ќе биде откажан. Трансфер кон кредитна линија не може да се регистрира со иден датум**

**5. Внесете износ и Цел на дознака и продолжете Понатаму**




**6. Проверете го налогот и потпишете**

**6. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 2. МЕНУВАЧКО РАБОТЕЊЕ

Со оваа функционалност може да се извршат следниов тип на трансакции:

- Купување на девизни средства со трансфер на преодна сметка за дознаки (Transitory)
- Продажба на девизни средства
- Купување на девизни средства од кредитна линија со трансфер на преодна сметка за дознаки (Transitory)



# 2. МЕНУВАЧКО РАБОТЕЊЕ










Доколку ги исполнувате условите и имате одобрен поповолен курс од официјалниот истиот може да го внесете во полето Девизен курс. Плаќањето нема да биде процесирано доколку внесете курс кој не е претходно одобрен од страна на банката.

**6. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**

# 3. ДОМАШЕН ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Со оваа функционалност може да се извршат следниов тип на трансакции во МКД:

- Трансфер на средства на сметка на друго лице во ПроКредит Банка
- Трансфер на средства на сметка во друга банка (КИБС и МИПС)
- Трансфер на средства од кредитна линија на сметка на друго лице во ПроКредит Банка или во друга банка (КИБС и МИПС)
- Трансфер на средства кон нерезиденти ( КИБС и МИПС). Поради специфичноста ова плаќање е дообјаснето на следнава локација > кликни тука



# 3. ДОМАШЕН ПЛАТЕН ПРОМЕТ




**Налогот може да се регистрира со иден датум на валута до 30 дена. Доколку на датумот на извршување немате доволно средства, налогот ќе биде откажан. Не е дозволено извршување на налози во неработни денови**

**4. Внесете податоци за износ, повикување на број, датум на валута и цел на дознака, а кај шифра на плаќање одберете една од опциите во паѓачкото мени**




**5. Проверете го налогот и потпишете**




За итно плаќање штиклирајте ја опцијата МИПС.

Налозите кои го надминуваат износот од 1.000.000 треба да бидат регистрирани како МИПС.

**6. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**

# 3. ДОМАШЕН ПЛАТЕН ПРОМЕТ

- **<u>При трансфер на средства кон нерезиденти</u>** (КИБС и МИПС) и плаќања од кредитна линија задолжително треба да се прикачи и документот како основ за плаќањето.
- Одберете <u>Прикачи или отстрани датотека</u> и Одберете датотека од Вашиот компјутер про-фактура/ фактура) и продолжете со истите чекори како останатите плаќања во Домашен платен промет




**За трансфер на средства кон нерезиденти при пополнување на полето Повикување на број задолжително внесете**

**1450/ XXX/ XXXXXXX**

ШИФРА НА ПЛАЌАЊЕ ОД МЕЃУНАРОДЕН ПЛАТЕН ПРОМЕТ

МАТИЧЕН БРОЈ НА ВАШАТА КОМПАНИЈА

# 4. БУЏЕТСКИ ТРАНСФЕРИ

Со оваа функционалност може да се извршат следниов тип на трансакции:

- Трансфер од трансакциска сметка на буџетски корисник (КИБС и МИПС)
- Трансфер од кредитна линија на буџетски корисник (КИБС и МИПС)



# 4. БУЏЕТСКИ ТРАНСФЕРИ




**4. Во празните полиња дополнете информации за плаќањето и продолжете <u>Понатаму</u>**

**Налогот може да се регистрира со иден датум на валута до 30 дена. Доколку на датумот на извршување немате доволно средства, налогот ќе биде откажан. Не е дозволено извршување на налози во неработни денови**

Системот врши проверка за внесените параметри и доколку некој податок не соодветствува со буџетско плаќање добивате информативна порака за корекција на внесените податоци




**5. Проверете го налогот и потпишете**

**6. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 5. ЗБИРЕН НАЛОГ

Со оваа функционалност може да се изврши плаќање со збирен налог за плаќања во домашен платен промет и кон буџетски сметки.

Документот треба да биде креиран согласно следниве насоки

| Колона број | Опис | Должина и Тип |
|---|---|---|
| 1 | Сметка примач | 15 цифри |
| 2 | Назив на сметка примач | Максимум 35 карактери |
| 3 | Износ | Максимум 10 цифри, децимален знак е .<br>Позади децималниот знак се внесува 00<br>Ова поле секогаш завршува со .00 |
| 4 | Шифра на плаќање | 3 цифри |
| 5 | Цел на дознака | Максимум 35 карактери |
| 6 | Повик на број налогодавач | Максимум 35 карактери |
| 7 | Повик на број налогопримач | Максимум 35 карактери |
| 8 | Уплатна сметка / Сметка на буџетски корисник | 11 или 15 цифри |
| 9 | Приходна шифра | 6 цифри |
| 10 | Програма | 2 карактери |
| 11 | Начин на плаќање | 1 - МИПС (итно)<br>0 - КИБС/Интерно (редовно) |
| 12 | Тип на налог | 1 - Буџетско плаќање<br>0 - Домашен платен промет |

Под поимот карактери се подразбираат цифри, латинични букви, кирилични букви и специјални знаци.

По креирање на документот истиот треба да биде зачуван како текст дкумент во формат (*txt.). Истото може да се направи со избор на опцијата Save As...на самиот документ и избор на соодветен формат во делот Save as type:.



# 5. ЗБИРЕН НАЛОГ




1. Изберете ја опцијата за прикачување документи наречена Датотека

2. Изберете документ од Вашиот компјутер со избор на полето Open




3. Прегледајте дали сте го одбрале точниот документ и изберете Потврди.

4. Продолжете кон следен чекор со избор на Понатаму

# 5. ЗБИРЕН НАЛОГ




**5. Пополнете Дополнителни инстрикци. Полето не треба да остане празно.**




**6. Проверете го налогот и потпишете**

**7. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 5. ЗБИРЕН НАЛОГ

**Со цел проверка дали сите налози од Збирниот Налог се успешно процесирани Отворете ја опцијата Преглед на налози која се наоѓа во Мени Трансфери**




**Со избор на полето во десниот агол може да го прегледате деталниот извештај за процесирани/ непроцесирани налози.**

## Важна информација:

**Збирните налози се процесираат секој работен ден во период од 08:00 до 14:00 часот. Сите датотеки прикачени по 14:00 часот нема да бидат процесирани.** Ова правило важи за сите типови налози внесени во збирниот налог ( редовни, итни и интерни во ПроКредит банка).

# 6. МЕЃУНАРОДНИ ПЛАЌАЊА

Со оваа функционалност може да се извршат плаќања кон странски компании/ физички лица.







Откако ќе го пронајдете SWIFT кодот согласно инструкциите кои ги имате кликнете на ова поле за да ПРОДОЛЖИТЕ

# 6. МЕЃУНАРОДНИ ПЛАЌАЊА




**Налогот може да се регистрира со иден датум на валута до 30 дена.**

**4.Во празните полиња пополнете ги бараните информации**

**5.Задолжително прикачете фактура за плаќањето**




**6. Проверете го налогот и потпишете**




**7. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**

# 7. ПЛАЌАЊЕ КОМУНАЛИИ

Со оваа функционалност може брзо и едноставно да се процесира плаќање кон компании за комуналии со кои банката има склучено договор.










7. За потврда на плаќањето внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави

# 8. ПРОЦЕСИРАЊЕ ПЛАТА

Со оваа функционалност може да се процесираат ПП53 налози со фолио број.




**1. Внесете го фолио бројот**

Доколку сакате итно да ги процесирате сите налози од Вашиот ПП53 дкумент треба да го селектирате полето за ПРИОРИТЕТ

**2. Внесете го фолио бројот**




**3. Процесирајте го плаќањето со избор на полето Потпиши и заврши**

**4. За потврда внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**

# 9. СЕФ ЗА ГОТОВИНА

Оваа услуга е достапна само за клиентите кои имаат склучено договор со ПроКредит Банка за користење на Сеф за готовина.

Со оваа функционалност може да се пополни спецификација за Вашата Уплата на дневен промет во Сеф за готовина.

**1. Видете го бројот на сигурносната кеса во која ќе уплаќате дневен промет и внесете го во ова поле**

**2. Од паѓачкото мени изберете локација на сефот во кој ќе извршите уплата**

**3. Пополнете Цел на дознака и Апоенска структура на парите во кесата која ќе уплаќате дневен промет и внесете го во ова поле**




Како ја пополнувате апоенската структура се менува Вкупниот износ на уплатата

**4. Понатаму**

# 9. СЕФ ЗА ГОТОВИНА




**5. Проверете го налогот и потпишете**




- Согласно договорот со банката, средствата од дневен промет ги имате на располагање веднаш доколку уплатата е во рамки на Вашиот лимит.
- Доколку регистрирате уплата над лимитот утврден во договорот со ПроКредит Банка, износот над лимитот ќе може да го користите само по физичко пребројување на средствата во доставената кеса.

**6. За потврда на дневниот промет внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**

# 10. НАЛОЗИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ

Кога компанијата има повеќе потписници со различно ниво на одобрување, веќе регистриран налог може да чека на одобрување.




**1. Прочитајте детали за плаќањето и кликнете на стрелката со цел потпишување или откажување на веќе регистриран налог**

Во левото мени може да видите дали постојат веќе регистрирани налози кои чекаат за одобрување




**2. За потврда на плаќањето изберете Потпиши налог и одобри. За откажувњае на налогот изберете Потпиши и избриши**

**3. За потврда внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 11. ОТКАЖУВАЊЕ НА НАЛОГ

Доколку сакате да Откажете веќе регистриран налог истото може да го направите само доколку налогот не е веќе обработен од страна на банката.

Истото е можно преку менито ТРАНСФЕРИ опцијата ПРЕГЛЕД НА НАЛОЗИ во левото мени.




**1. Пронајдете го налогот и изберете X. Доколку налогот е веќе процесиран истиот не може да се откаже.**




**2. Одберете Откажи го налогот и потврдете со ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**

# 12. ПОВТОРНА УПОТРЕБА НА НАЛОГ

Доколку сакате да регистрирате налог кој претходно го имате извршено преку електронско банкарство, истото е можно преку менито ТРАНСФЕРИ, со избор на опцијата ПРЕГЛЕД НА НАЛОЗИ во левото мени.






24/7 БАНКА
НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

# ИНСТРУКЦИИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И АДМИНИСТРАЦИЈА НА ТРАЈНИ НАЛОЗИ

Confidential




Со оваа функционалност може да ги регистрирате следните типови на трајни налози:

1. Траен налог помеѓу **сопствени сметки** во банката во иста валута
2. Траен налог во **домашен платен промет**, на сметка:
   - во друга домашна банка
   - на друго лице во ПроКредит Банка
3. Траен налог помеѓу сопствени сметки во банката во различна валута (**менувачко работење**)

Во опцијата **Администрација** имате можност:

- Да ги прегледате веќе регистрираните трајни налози преку е-банк или преку филијала
- Да откажете некој од регистрираните налози

# 1. Траен налог помеѓу сопствени сметки во банката во иста валута




**1. Изберете сметка од која ќе вршите пренос**

**2. Изберете сметка на која ќе вршите пренос**

**3. Понатаму**




**4. Изберете датум на прво и датум на последно извршување, после кој повеќе нема да се креираат налози**

**5. Изберете период на извршување од паѓачкото мени**

**6. Изберете вид на износ:**
- **<u>Фиксен</u> – налогот ќе се извршува на регистрираниот износ**
- **<u>Процент</u> – налогот ќе се извршува на целото расположливо салдо на денот на извршување**

**7. Доколку изберете фиксен износ, може да изберете <u>делумно извршување</u> при што доколку на денот на извршување на налогот имате салдо на сметка помало од регистрираниот износ на налогот, налогот ќе биде извршен до износот на расположливите средства**

**8. Внесете износ на налогот**

**9. Внесете опис на налогот**

**10. Понатаму**

# 1. Траен налог помеѓу сопствени сметки во банката во иста валута




**11. Проверете го налогот и потпишете**

**12. За потврда внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 2. Траен налог во домашен платен промет






# 2. Траен налог во домашен платен промет




**11. За потврда внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 3. Траен налог со менувачко работење






# 3. Траен налог со менувачко работење




**10. За потврда внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



# 4. Преглед и откажување на трајни налози

Со избор на опцијата **Администрација** имате можност да ги прегледате сите трајни налози кои ги имате регистрирано преку електронско банкарство и филијала.






# 4. Преглед и откажување на трајни налози




**2. За потврда внесете го ПИНот на Вашиот електронски сертификат во прозорецот кој ќе се појави**



24/7 БАНКА
НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

# ПРАЌАЊЕ НА ПОРАКИ КОН БАНКАТА

Со избор на опцијата **Испратени пораки** може да ги видите сите пораки кои ги имате испратено кон Банката




Доколку немате А ниво на овластување по основ на барем една сметка, пораката ќе треба да биде одобрена од корисник со А ниво на овластување и кон истата може да пристапи со избор на опцијата **Излезно сандаче - Одобрување**

Во делот **Поштенско сандаче** со избор на опцијата **Нова порака** имате можност да пратите порака или документ кон банката за следнава намена:

- Информација за прилив од странство
- Дополнителни информации за дознака
- Документи за кредитно работење

1. Одберете категорија
2. Внесете предмет на пораката
3. Внесете текст на пораката
4. Прикачете документ
5. Изберете Потврди

24/7 БАНКА
НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

# ИНСТРУКЦИИ ЗА ПРОМЕНА НА ЛОЗИНКА




1. Од левото мени изберете ја опцијата <u>Профил на корисникот</u> и потоа селектирајте <u>Промени лозинка</u>

2. Внесете ја постоечката лозинка
3. Внесете ја новата лозинка
4. Повторно внесете ја новата лозинка

5. Кликнете на копчето Потврди

По успешна промена на лозинката ќе добиете порака:



Confidential

24/7 БАНКА
НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

# РЕСЕТИРАЊЕ НА ЛОЗИНКА

Доколку не ја знаете Вашата лозинка и сакате да ја ресетирате истата, следете ги следните чекори:




1. **На страната за најава одберете ја опцијата „Ресетирање на лозинка“**




2. **Внесете го Вашето корисничко име**
3. **Кликнете на празното поле**
4. **Кликнете на копчето „Понатаму“**




5. Внесете го бројот на Вашиот мобилен телефон и датумот на раѓање

6. Кликнете на копчето „Понатаму“




7. Внесете го кодот кој го имате добиено преку СМС порака од Банката, потоа внесете нова лозинка и повторно внесете ја новата лозинка.

8. Кликнете на копчето „Понатаму“

9. По успешно ресетирање на лозинката ќе добиете порака:

Промени лозинка

Вашата лозинка е успешно променета

# 24/7 БАНКА НАСЕКАДЕ СО ТЕБЕ!

**За помош при користење**

**на електронското банкарство**

**контактирајте не на**

**02/2 446 000**

